## Порака за Светскиот ден на театарот – 27 март 2021

## Биографија на Хелен Мирен – сценска, филмска и ТВ актерка

Macedonian

---

Хелен Мирен е една од најпознатите актерки со меѓународна кариера, со широко искуство во театарот, филмот и телевизијата. Таа зад себе има многу домашни и светски награди за нејзините сестрани улоги, вклучувајќи ја и наградата Оскар во 2007 г. за најдобра улога во филмот *The Queen (Кралицата)*.

**Театар**

Хелен Мирен ја започна својата кариера со улогата на Клеопатра во Националниот младински театар. Тогаш се појави и на репертоарот во Манчестер, за потоа да им се приклучи на Ројал Шекспир Компани. По четири битни години во Ројал Шекспир Компани, во нејзината кариера се случи целосен пресврт, кога таа се поврза во соработка со Питер Брук и неговата компанија Centre de Recherche Théâtral, со која што настапуваше на долги гостувања низ Африка и Америка.

Оттогаш нејзината театарска кариера се рашири низ бројни продукции на Вест Енд, Фринџ, Ројал Шекспир Компани, Националниот театар и Бродвеј во САД, вклучително претставата *Месец на село*, за која што доби номинација за наградата Тони и *Танцот на мртвите* на Бродвеј во сценско партнерство со Ијан МекКелен.

Таа беше номинирана за наградата Оливие за најдобра актерка, за улогите во претставите *Симнувањето на Орфеј* во Donmar Warehouse и за улогата во *Ноќта ѝ прилега на Електра*, продукција на Националниот театар.

Во 2009 г. таа му се навраќа на Националниот театар со улога во Расиновата *Федра*, во режија на Николас Хајтнер. Ова стана историска момент, за првпат театарска продукција беше филмувана на НТ Лајф и видена во кината низ целиот свет.

Во нејзината последна театарска улога во 2013 г. во Лондонскиот Вест Енд, таа ја репризираше својата улога на Кралица Елизабета II во *Прием* на Питер Морган, режирана од Стивен Далдри.

Таа ја доби наградата Оливие и наградата What's On Stage за најдобра актерка. Во февруари 2015 г. претставата *Прием* се премести на сцената на Gerald Schoenfeld Theatre во Њујорк, и понатаму со Хелен Мирен во главната улога, за што таа ја доби наградата Тони за најдобра актерка.

**Филм и телевизија**

Дополнително на нејзината кариера на сценска актерка, Хелен Мирен е многу позната по своите извонредни достигнувања на филмскиот екран и телевизија.

Во 2003 г. Хелен Мирен беше прогласена за Дама на Британската империја.

Дополнително за нејзината кариера на сцена, филм и телевизија, нејзиниот активизам и живот, можете да прочитате на нејзиниот официјален вебсајт: **www.helenmirren.com**

**Превод на македонски јазик:** д-р Иванка Апостолова Баскар (Скопје, 2021)